OPĆINA REŠETARI

ОПШТИНА ИЛИНДЕН

Општина Решетари (Република Хрватска), претставувана од Градоначалникот Златко Ага и Општина Илинден (Република Македонија) претставувана од Градоначалникот Жика Стојановски на ден **15.09.2012 година** ја склучуваат оваа

# СПОГОДБА

## за меѓусебна соработка и пријателство

I.

Заради унапредување на стопанството и социјалниот развој, Општина Решетари и Општина Илинден како единици на локални самоуправи, со оваа спогодба ја искажуваат заедничката желба и намера за воспоставување на трајна меѓусебна соработка и пријателство во областа на културата, туризмот, стопанството, знаменитости, образованието и спортот, како и во сите останати области за кои ќе се искаже заеденички интерес или потреба.

II.

Соработката двете општини ќе ја остварат преку среднорочни и долгорочни програми односно преку конкретни заеднички проекти.

Во насока на планирање, изработка, финансирање и имплементирање на заедничките проекти, особено на оние проекти со кои ќе се аплицира до фондовите на ЕУ, ќе се дефинират со договори за секој поединечно заеднички проект.

III.

Соработката во областа на културата, образованието, знаменитостите и спортот ќе се реализираат во рамка на меѓусебна соработка и преку извршните органи на општините како и преку контакти со установите и институциите надлежни за предвидените области.

Соработката во областа на стопанството и туризмот ќе се реализираат со развој и јакнење на контактите со стопаските субјекти и во иҫтите ќе посредуваат општинските претставници и извршните тела.

Општина Решетари и Општина Илинден се обврзуваат да го потикнуваат развојот на двете локални заедници со нагласена меѓусебна соработка и развивање на взаемните односи

IV.

Оваа соработка ја потпишуваат овластени претставници на општините, и истата стапува на сила на денот на потврда на истата од овластените претставнички тела на општините.

V.

По повод воспоставување на трајна и блиска соработка, со оваа спогодба Градоначалниците на двете општини потпишуваат истовремено и свечена декларација за меѓусебна соработка и пријателство.

Градоначалник на Општина<br>Решетари<br>Златко Ага

Градоначалник на Општина<br>Илинден<br>Жика Стојановски